Управниот одбор на ЈКП Брегалница-Делчево на својата 34-та седница одржана на ден 28.09.2021 година согласно Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење и Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Брегалница-Делчево за регулиран период 2022-2024 година донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ донесе Одлуки за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење и за собирање и одведување на урбани отпадни води за период 2022-2024 година.

Со овие Одлуки на Управниот одбор водејќи се сметка за социјалниот аспект да не се оптоварува дополнително домашниот буџет на граѓаните а од друга страна како резултат на успепното деловно ранотење на јавното претпријатие, се утврдени минималните цени определени од Регулаторната комисија.

Со ова практично цената на водата за 2022 година во однос на 2021 година се намалува за 0,03 денари додека цената на канализацијата за 2022 година во однос на 2021 година се намалува за 1,8 денари.